Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Ерѓил Таири од Гостивар УП2 09-327/23 од 10 ноември 2023 година против Известување за одбивање на Барање за надомест на штета од потрошувач на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 03-1958/1 од 29 септември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Известувањето за одбивање на Барање за надомест на штета од потрошувач на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 03-1958/1 од 29 септември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Ерѓил Таири од Гостивар до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-327/23 од 10 ноември 2023 година против Известување за одбивање на Барање за надомест на штета од потрошувач на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 03-1958/1 од 29 септември 2023 година.

Жалителот потенцира дека согласно Правилата за снабдување со електрична енергија, "ако барателот должи повеќе од 3 неплатени сметки, ќе му се намали 50% од вкупниот износ за надомест на штета".

Според Електродистрибуција – Барањето е одбиено бидејќи жалителот во моментот на исклучувањето имал три неплатени фактури за испорачана електрична енергија.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 20 декември 2023 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-327/23 од 10 ноември 2023 година со прилог:

-Полномошно од жалителот за Адвокат Наим Ислами од Гостивар

-Приговараното Известување

2. Одговор на Приговор и Дополнителни докази од ЕВН од 11 декември 2023 година со прилог:

-Записник за увид на комисија по барање за оштета по основ на одговорност

-Барање за обештетување

-Слики од објектот

и на седницата се заклучи Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да достави детални информации за статусот на неподмирените долгови кои жалителот ги имал заклучно со 29 септември 2023 година, по што на 26 декември 2023 година Електродистрибуција ги достави бараните податоци.

На седница одржана на 4 јануари 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Со цел надминување на настанатата ситуација, потребно е жалителот до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да поднесе Барање за склучување на спогодба за исплаќање на неподмирените долгови на рати, а потоа да поднесе Барање за надомест на штета.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–327/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**